# MONUMENTA



АКАДЕМИК БЛАГА АЛЕКСОВА
Сплит 1994, XIII CIAC

MONUMENTA

ISSN: 1857-999X

**Годишник на Истражувачкиот центар за културно наследство „Цветан Грозданов“ при МАНУ** | Број 7/8, година 2022/2023

**Annual of the Research Centre for Cultural Heritage „Cvetan Grozdanov“ at MASA** | Vol. 7/8, Year 2022/2023

Издавач
МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

Publisher
MACEDONIAN ACADEMY OF SCIENCES AND ARTS

Главен уредник
**Вера Битракова Грозданова**

Editor in chief
**Vera Bitrakova Grozdanova**

Редакција
Гојко Суботиќ (Белград)
Вера Битракова Грозданова (Скопје)
Аксинија Џурова (Софија)
Бојан Ѓуриќ (Љубљана)
Анте Рендиќ Миочевиќ (Загреб)
Владимир Петровиќ (Белград)
Сашо Цветковски (Скопје)
Александра Николоска (Скопје)

Editors
Gojko Subotić (Belgrade)
Vera Bitrakova Grozdanova (Skopje)
Aksinija Džurova (Sofia)
Bojan Djurić (Ljubljana)
Ante Rendić Miočević (Zagreb)
Vladimir Petrović (Belgrade)
Sašo Cvetkovski (Skopje)
Aleksandra Nikoloska (Skopje)

Технички уредник
Александра Николоска

Technical editor
Aleksandra Nikoloska

# СОДРЖИНА

Кратенки/ Abbreviations — 9

Љупчо Коцарев — ОБРАЌАЊЕ НА АРХЕОЛОШКИОТ СОБИР „ОД ДОЦНАТА АНТИКА ДО СРЕДНИОТ ВЕК“ 5 – 6 ДЕКЕМВРИ 2022 ГОД. — 11

Вера Битракова Грозданова — ПРОФЕСОР АЛЕКСОВА, ПИОНЕР ВО АРХЕОЛОГИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА — 13

Emilio Marin — SPLITSKI ARHEOLOŠKI MUZEJ I JUBILARNI XIII MEĐUNARODNI KONGRES ZA STAROKRŠĆANSKU ARHEOLOGIJU — 19

Виктор Лилчиќ Адамс — СЛОВО ЗА ПРОФЕСОР АЛЕКСОВА ОД НЕЈЗИНИТЕ СТУДЕНТИ — 31

Goce Pavlovski — THE ROMAN THEATRE AND THE EPISCOPAL BASILICA. A CHRONICLE OF THE DOMINANT URBAN LANDMARKS AT STOBI — 33
Гоце Павловски — *Римскиот театар и епископската базилика. Хроника на доминантните урбани знаменитости во Стоби*

Дафина Герасимовска — ОД СТАНБЕНА РЕЗИДЕНЦИЈА ДО ХРИСТИЈАНСКИ ХРАМ, СЕВЕРНА БАЗИЛИКА ВО СТОБИ — 65
Dafina Gerasimovska — *From Residence to Christian temple, the North basilica at Stobi*

Давча Спасова — *HORREUM ECCLESIAE* НА ПЛАОШНИК — 81
Davča Spasova — *Horreum Ecclesiae* at Plaošnik

Carolyn S. Snively — BAPTISTERIES AND BAPTISM IN THE PREFECTURE OF EASTERN ILLYRICUM — 105
Керолин С. Снајвли — *Крстилници и крштевање во префектурата Источен Илирик*

# MONUMENTA


| | | |
|---|---|---|
| Вера Битракова Грозданова<br>Vera Bitrakova Grozdanova | БАЗИЛИКАТА ВО ТАШМАРУНИШТА КАЈ СВ. МАРТИНИЈА<br>*La basilique de Tašmaruništa près de Saint-Martinia* | 131 |
| Елица Манева<br>Elica Maneva | АРХЕОЛОШКИ НАОД НА ДЕЛ ОД ОПКОВ ЗА ИКОНА НА БОГОРОДИЦА ОД КАЛЕ – СКОПЈЕ<br>*Archaeological find of part of a Revetment for an Icon of the Mother of God of Kale – Skopje Fortress* | 151 |
| Ѓорги Поп-Атанасов<br>Gjorgi Pop-Atanasov | ОСТАТОЦИ ОД ГЛАГОЛИЧКО ПИСМО ВО МАКЕДОНСКИ КИРИЛИЧНИ РАКОПИСИ<br>*Remains of Glagolitic Script in Macedonian Cyrillic manuscripts* | 165 |
| Aleksandra Nikoloska, Slavica Babamova<br>Александра Николоска, Славица Бабамова | FURTHER CONSIDERATION ON THE "TIKVEŠ GROUP" OF FUNERAL STELAE<br>*Понатамошни согледувања за Тиквешката група надгробни споменици* | 181 |
| Викторија Соколовска<br>Viktorija Sokolovska | ЗА МЕСТОПОЛОЖБАТА НА ХАРМОНИЈА И ЗАПАРА<br>*On the location of Harmonia and Zapara* | 201 |
| Виктор Лилчиќ Адамс, Владимир Атанасов, Александар Илиевски, Игор Ширтовски<br>Viktor Lilčić Adams, Vladimir Atanasov, Aleksandar Ilievski, Igor Širtovski | ПРОКОПИЕВИОТ КАСТЕЛ БЕДЕРИЈАНА И АРХЕОЛОШКИОТ КОНТЕСТ НА ЛОКАЛИТЕТОТ МАРКОВИ КУЛИ, ЛЕТЕВЦИ<br>*Procopius' castel Bederiana and the archaeological context of the Markovi Kuli site, Letevci* | 211 |
| Паре Зареска<br>Pare Zareska | ВИЗАНТИСКИ ГЛАЗИРАНИ САДОВИ ВО ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕГИОНАЛНАТА ПРИЛЕПСКА РАБОТИЛНИЦА<br>*Byzantine glazed vessels in the interpretation of the Prilep regional workshop* | 229 |
| Зоран Георгиев<br>Zoran Georgiev | СРЕДНОВЕКОВНА НЕКРОПОЛА „ЦРКВИШТЕ", С. КОРЕШНИЦА – ДЕМИР КАПИЈА<br>*Medieval Necropolis "Crkvište" v. Korešnica – Demir Kapija* | 249 |
| Орданче Петров<br>Ordanče Petrov | ПРИЛОГ КОН ХРОНОЛОГИЈАТА НА САКРАЛНИТЕ СПОМЕНИЦИ НА ПРОСТОРОТ НА ДЕМИР КАПИЈА<br>*Contribution to the Chronology of Sacred Monuments in the Demir Kapija region* | 273 |
| Трајче Нацев, Душко Цветанов<br>Trajče Nacev, Duško Cvetanov | ДОЦНОАНТИЧКИТЕ И СРЕДНОВЕКОВНИТЕ ХИПОКАУСТИЧНИ СИСТЕМИ ВО РС МАКЕДОНИЈА<br>*The Late Antique and Medieval hypocaust systems in R.N. Macedonia* | 311 |

Јехона Спахиу Јанчевска
Jehona Spahiu Jančevska

ХРИСТОВАТА БЕСЕДА НА АПОСТОЛИТЕ ПО МИЕЊЕТО НА НОЗЕТЕ (ЈОВАН XIII, 12-17)
*Christ's teaching to the Apostles after the washing of the feet (John XIII, 12-17)* — 339

## ПРИЛОЗИ

Вера Битракова Грозданова

RENATE JOHANNA PILLINGER, ALEXANDER LIRCH, VANJA POPOVA (HG.)
*Corpus der spätantiken und frühchristlichen Mosaiken Bulgariens Verlag der Österreichlschen Akademie der Wissenschaften, Wien 2016* — 367

Ordanče Petrov

ЕЛИЦА МАНЕВА Од шлем до круна и митра
*ELICA MANEVA FROM HELMET TO CROWN AND MITRA*
*Скопје, Каламус = Skopje, Kalamus 2021* — 371

Листа на учесници / List of participants — 379



УДК: 904:726.54.003.1(497.714)"652/653"

*Орданче Петров*

# ПРИЛОГ КОН ХРОНОЛОГИЈАТА НА САКРАЛНИТЕ СПОМЕНИЦИ ОД ПРОСТОРОТ НА ДЕМИР КАПИЈА

Апстракт

*Во трудот се претставени архитектонските остатоци од ранохристијански и средновековни сакрални објекти, откриени по пат на сондажни и систематски истражувања на просторот на Демир Капија. Откриените објекти од ранохристијанскиот период се делат на два основни типа, на базиликални трикорабни цркви и на еднокорабни цркви, додека, пак, сите откриени средновековни цркви припаѓаат на типот на еднокорабни цркви. Во трудот е направен обид за прецизирање на нивната хронологија и дефинирање на градежните фази.*

***Клучни зборови:*** *Демир Капија, ранохристијанство, среден век, сакрална архитектура, базилики, еднокорабни цркви*

Abstract

*The work presents the architectural remains of early Christian and medieval sacred structures discovered through trial and systematic excavations in the Demir Kapia region. The discovered structures from the early Christian period can be divided into two main types: basilica-type churches with a central nave and side aisles, and longitudinal single-aisle buildings, while all the discovered medieval churches belong to the type of single-nave churches. The work attempts to clarify their chronology and define the construction phases.*

***Key words:*** *Demir Kapia, early Christianity, Middle Ages, sacred architecture, basilicas, single-nave churches*

Почетоците на професионалната кариера на академик Блага Алексова се тесно поврзани со Демир Капија. Нејзините први ископувања се изведени на локалитетот Црквиште, во еден мошне тежок период, кога првпат се трасира правецот на македонската археологија и се поставуваат темелите на македонските институции од музеологијата и заштитата на културното наследство. Б. Алексова, со своите истражувања на Црквиште, ќе го отвори патот на подоцнежните истражувачи на раното христијанство, средновековната материјална култура и археологијата на турското средновековие во Македонија. Со ова, таа ги поставува основите на македонската археологија, поттикнувајќи ги идните истражувачи да го продолжат и да го надградат нејзиното дело.

Демиркаписката Клисура е последната и најдолгата клисура на реката Вардар, која почнува со високите и стрмни варовнички карпи во близина на современата населба Демир Капија. Овие карпи ја формираат природната граница помеѓу Средното и Јужното Повардарје. Во географска смисла, Демир Капија се нарекува само најблискиот простор околу процепот преку кој Вардар го пробил својот тек.[1] Оваа граница, која претставува речиси непремостлива пречка по долината на Вардар, од десната страна е оформена од масивот Краставец како издаток на планината Кожуф, додека од левата страна, од масивот Каменот или Јуручки Камен, како издаток на Конечка Планина (Серта). Позицијата која ја има Клисурата во долината на реката Вардар, го потенцира нејзиното стратегиско значење, особено што низ неа поминува еден од најзначајните трансбалкански патишта, кој го поврзува Егејскиот Басен со Подунавјето.[2] Влезот на Клисурата е забележан на патниот итинерар *Tabula Peuntegeriana*, каде што е означен како Стенае, назив што често се користи за античкиот град кај Демир Капија, како замена за името кое не се сочувало до денес.[3] За разлика од античкиот период, писмените извори од средниот век се побројни и попрецизни, често споменувајќи го името на средновековната тврдина, лоцирана на падините на Клисурата. Веќе од почетокот на 11 век, средновековните автори го користат називот Просек (Προσακος, Prisec, просѣкь), кој останува во употреба, сѐ до средината на XIV век, кога е употребен последен пат.[4] Во времето што следува, го добила новиот ориентализиран назив, Демир Капу, кој во изменета форма останал во употреба до денес.

[1] Овде, просторот на Демир Капија ќе биде прикажан во смисла на начинот на којшто географски е определен од страна на извонредниот познавач на балканската географија, Ј. Цвијиќ. Според него, Демир Капија се нарекува само почетниот, каменит и во варовник издлабен просек од двете страни на реката Вардар (Цвијић 1906, 352-355). Ваквите граници се поклопуваат и со гледиштето на антропогеографот В. Радовановиќ кој, на сличен начин, сепак со малку поишроки граници го дефинира синорот на средновековната тврдина Просек (Радовановић 1924, 279-280). За лоцирање на топонимите кои ја дефинираат границата на клисурскиот синор, споменати кај В. Радовановиќ, види кај: Петров 2022, 205-206).

[2] Miller 1916, XIII-LIII; Лилчиќ 1994, 112-113; Микулчиќ 1999, 223-225; Belke 2003, 73; Кодер 2011, 77; Petrov 2021, 23-38; Археолошка карта II, 226-229.

[3] Во литературата, досега се изнесени повеќе мислења за називот на населбата. Н. Вулиќ, наведен од станицата на Табула Појтенгеријана ја именува оваа населба како Стенае, Ф. Папазоглу, пак, аргументирано укажала дека овој назив се однесува само за Клисурата, но не и за називот на населбата. Друго мислење што е не така силно наметнато, но, сепак, веќе подолго време стои како можно решение, е називот Алмана, еден од градовите по средниот тек на Вардар што сѐ уште не е убициран на терен. За различните мислења и дискусијата околу називот на населбата, спореди кај: Hahn 1867, 167, nr. 38; Vulić 1938, 8; Станојевић 1923, 297; Папазоглу 1952, 265-266; Папазоглу 1957, 242-244; Петрушевски 1955, 140-143; Микулчиќ 1999, 180; Блажевска 2013, 644.

[4] Спореди: Томовски 1978, 270-277; Kravari 1989, 149-150; Споменик III, 1977, 438.

На просторот, кој е тема на овој труд, досега се откриени и, делумно или целосно истражени, четири сакрални објекти. Црквиште и Манастир – Демир Капија се наоѓаат на десниот брег на Вардар, и тие може да се поврзат со античкиот град кај Демир Капија. Додека, пак, останатите два објекта на Црквиште-Корешница и Кале-Стрезов Град се наоѓаат на левиот брег, па првиот може да се поврзе со доцноримската утврдена населба на Марков Град – Корешница, додека вториот, со рановизантиската утврдена населба на локалитетот Кале-Стрезов Град, Челевец (Карта 1).

## АНТИЧКИОТ ГРАД КАЈ ДЕМИР КАПИЈА

Античката населба кај Демир Капија се наоѓа на десниот брег на реката Вардар, пред влезот во Демиркаписката Клисура (Карта 1.1). Населбата се простирала во рамницата на просторот каде што реката Бошава се влива во Вардар. Својот подем го доживува во периодот на II век и првата половина на III век. Веројатно, во времето на големата криза во Римската Империја и пред ограбувачкиот налет на Херулите и Готите, во втората половина на 3 век, населбата е напуштена.[5] Голем дел од населението мигрира кон планинскиот масив, на природно заштитени локации како што се: Пештера, Пенов

[5] За жал постојат само фрагментарни извештаи и фотографии од ископувањата на просторот на населбата изведени во 1950-1951 година. Сепак овде е јасно нотирано дека населбата настрадала во пожар, којшто е забележан во сите истражени сонди. “…Glavni rezultati pa so vsekakor v večini sondi zidovi iz rimske, in zgodnje bizantinske epohe. Pokazalo se je, da gre v Demir Kapiji za obsežen mestni kompleks, zgrajen po urbanističnih načelih pozne antike, ki jih sicer poznamo že v helenističnih načelih Aziji, ki dalje živajo v osnovi rimskih vojaških taborov in ki so se nato na našem ozemju razvili v mesta pozne antike v Stobiju in na Caričinem gradu. Vsi zidovi imajo smer sever-jug, oziroma vzhod-zahod. Mestne ulice torej potekajo v smeri sistema Cardo-Decumanus. Ta urbanostična zasnova Demir Kapija se rasteza prav na vse sonde, ki so izkopane na relativno širokem prostoru kakega pol kilometra v dolžino in širino. Zidovi so mestoma grajeni z malto, večinoma pa zidani rustikalno brez malte. Pri tem je treba omeniti, da gre v večini primerov za temelje zidov. Ponekod se da določiti prehod temeljev v vidno plast zidu. Na nekaterih mestih imamo sledove repariranja zidov in sicer tako, da je spodnji del zidan z malto, večinoma pa zidani rustikalno brez malte. Pri tem je treba omeniti, da gre v večini primerov za temelje zidov. Ponekod se da določiti prehod temeljev v vidno plast zidu. Na nekaterih mesti imamo sledove repariranja zidov in sicer tako, da je spodji del zidan z malto, gornji del pa rustikalno. Iz sond se vidi, da gre v večini primerov za stanovanjske hiše, reprezentančega karakterja je morda samo poslopje v sondi E. Poleg stavbnih zidov se našlo tudi veliko in debelo obzidje, ki in zelo dobro zidan z malto. V sistemu zidov so se našli ostanki cestnega tlaka in plošče nekakega trga, na katerem se nahaja vodnjak. V dveh sondah se je našla vodovodna napeljava iz lončenih cevi. Smer napeljave je vsakokrat različna. V kleteh stavb so bili zakopani veliki pitosi, skupaj 6. Mnogo je ostankov požara, zelo številnih si v sipu ostanke strešne opeke, uporabne keramike in deloma tudi marmornih fragmentov. Novcev je precej, od njih sta za sedaj determinirana 1 Alexander Severus in 1 Diocletianus. V sondi A so iz te dobe najdeni že omenjeni vodovod, mestno obzidje ter 2 monumentalna groba...” Kastelic 1951, 2. Во прилог на ова оди и хијатусот на нумизматички материјал од периодот, како и едно депо откриено на микролокацијата Будур Чифлиг. Депото било сочинето од 17 сребрени денари во кое се застапени 11 владетели, најраниот е Веспазијан (69-79), додека најмладиот Галиен (253-268), време кога веројатно е закопано депото. (Микулчиќ 1970, 345, ф. 95.)

Камен, Илимов Рид, Голем Краставец и Калуѓерска Чука.[6] По завршувањето на опасноста, веќе кон крајот на III век и почетокот на IV век, забележано е обновување на населбата, со сега поскромни живеалишта, напуштајќи ја претходната урбана схема, рециклирајќи го градежниот материјал.[7] Веројатно, во овој период, населбата го добила своето обѕидие.[8] Вака обновена, населбата ќе остане во функција до првата половина на V век, кога конечно ќе биде напуштена, а населението целосно ќе мигрира во пазувите на околните планински масиви. Точната локација на средновековната населба не е сè уште утврдена, но таа треба да се бара на потегот помеѓу локациите Црквиште, Манастир и Пештера.

На периферијата од оваа античка населба досега се откриени и истражени две сакрални градби, изградени во ранохристијанскиот период, на локациите Црквиште и Манастир.

## Црквиште – Демир Капија

Локалитетот се наоѓа на јужната периферијата од античката населба, надвор од одбранбениот ѕид[9] (карта 1.А). Објектот првпат е истражуван во периодот на Првата светска војна, од германскиот офицер Халд. Обемните ископувања и целосното истражување на црквата со околната некропола се извршени во периодот помеѓу 1952 – 1956 година, од Б. Алексова, која ги дава основните хронолошки одредници, публикувани во монографско издание. Според Алексова, откриена е црква со две градежни фази и една доградба.[10] Остатоците од првата фаза хронолошки ги поместува во VI век, додека оние од втората фаза, во периодот од IX до X век. Според неа, црквата егзистирала и во периодот на XIV и XV век, а веројатно била урната

[6] Кастелиц 1956, 99-102; Керамитчиев 1961, 113-114; Mikulčić 2002, 330-331, kat. 260, Лилчиќ 2008, 6-18, 25-26. Потврдено е со монетите на Галиен (253-268), Проб (276-282), Константин I (306-337), Константин II (337-340), Констанс (337-350), Констанциј (337-361) и Валенс (364-378).

[7] Погледни белешка 5.

[8] Одбранбениот ѕид е откриен на две локации и тоа во сонда Е (Kastelic 1951, 2) и во сонда III на просторот Бандера (Винчиќ 1981, 20-21). На двете локации коишто се меѓусебно оддалечени отприлика 290-300 метри, според истражувачите е откриен идентично граден одбранбен ѕид со ширина од 1,7 m.

[9] Во 1952 година, раководител на истражувањата на оваа локација е Димче Коцо, а негов соработник Б. Алексова, која веќе од 1953 година целосно го презема раководството и ги ископува архитектонските остатоци од црквата и дел од некрополата. Археолошките истражувања на овој простор се завршени во 1956 година. Спореди: Hald 1917; Aleksova 1966; Алексова 1953, 3-4; Алексова 1995, 220-221; Aleksova 1997, 247-248; Томовски 1953, 4; Археолошка карта II, 229-230.

[10] Aleksova 1966, 20-22; Алексова 1995, 220-221; Aleksova 1997, 247-248.

во текот на XV-XVI век.[11] Долгиот хронолошки опсег на втората фаза не го аргументира доволно јасно, а притоа отсуствуваат описи за архитектонските остатоци и можното постоење на меѓуфази или доградби. Ова создава забуна и потреба за преиспитување на хронологијата на градбата од втората фаза. Дополнителен проблем претставува доградбата на ниша, северно од апсидата на наосот, која од истражувачот е претставена како дел од првата градежна фаза, но и ова не е доволно аргументирано.

*Прва фаза*

На првата фаза ѝ припаѓа црква од базиликален тип, со трикорабна диспозиција, која на источната страна има полукружна апсида однадвор и однатре, на западната има нартекс и странични анекс компартименти, како и еден компартимент кој се наоѓа покрај надворешната страна на северниот кораб. Нартексот се протега во ширина на наосот со страничните кораби, додека компартиментите излегуваат надвор од ширината на објектот. Во нартексот се влегувало низ широк влез, централно поставен на западниот ѕид.[12] Подоцнежните интервенции на просторот не дозволуваат да се одредат премините од нартексот во наосот и страничните кораби. Вкупната должина на наосот со апсидата е 17 м, вкупната ширина, без компартиментите, е 10,5 м, додека заедно со компартиментите, таа изнесува 18 м. Апсидата е длабока 2,2 м, а нејзиниот дијаметар изнесува 4,5 м. Ѕидана е од локален варовник, врзан со варов малтер (План I).

Базиликалната црква од првата градежна фаза била подигната на просторот од постара некропола од хеленистичкиот и доцноантичкиот период.[13] Од доцноантичката некропола се документирани 15 гробници, датирани во втората половина на IV и во почетокот на V век. Преку дел од нив, како што е случајот со гробницата 458, документирано е постоење на ѕидани објекти во вид на правоаголни маси кои, можеби, имале функција на *celle-memoriae*, или, поверојатно, на *mensa*.[14] Според откриените прилози во гробот 193, со-

[11] Aleksova 1966, 22.

[12] Aleksova 1966, 20–22, Pl. 1. На планот од градбата не постои западен ѕид на нартексот и тој е целосно отворен во вид на трем, па според ова, дадениот текстуален опис не соодветствува целосно со илустративниот материјал.

[13] Гроб 178, Aleksova 1966, 22, 23, 36, T.III.6-9; Соколовска 1978, 99.

[14] Б. Алексова, над гробовите 98 и 458, препознава ѕидани структури кои, според неа, би можеле да претставуваат капели *celle-memoriae*. Aleksova 1966, 23; Алексова 1995, 220, 221; Aleksova 1997, 247–248. Во подоцнежните сублимати, оди подалеку, со тврдење дека централната гробница во северниот компартимент (гробницата 394 sic!) е наменета за погребување на мартир, во голема ѕидана гробница, покриена со голема плоча *mensae martyrum,* а во просторијата препознава *cella martyrum.* Алексова 1995, 220; Aleksova 1997, 247–248. Во ситуација каде што повеќето гробови се изградени на ист начин, особено кога централното погребување во северниот компартимент, гробот 394, не е интактно, препознавањето на погребување на мартир и *cella martyrum* не можат да се потврдат.

чинети од трпезна керамика, фрагментиран стаклен сад и крстеста фибула од типот 5, според Келер,[15] тој прецизно се датира во последната третина на IV век до почеток на V век[16] (Сл. 1, Т.I.1). Христограмот изведен на ногата од фибулата во ниело техника веројатно укажува на припадноста на покојникот на христијанската заедница.[17] Кон истиот заклучок води и распоредот на останатите некрополи од античкиот град кај Демир Капија. Некрополите, на кои се погребувало паганското население од II до IV век, се лоцирани на позиции на северната (лок. Бандера), северозападната (лок. Болница) и западната периферија (лок. на улица Партизанска и лок. Бендерица), надвор од бедемите на населбата[18] (карта 1.а-е). Ова укажува дека христијанското население, со желба да се дистанцира од нехристијанското население, кон втората половина на IV век, одбрало нова локација за погребувања, на југоисточната периферија од населбата. Затоа, не е случајно тоа што оваа локација била избрана како место за градење на базиликата, над христијанските гробовите од доцноантичката некропола. Ова се гледа и во желбата на архитектот да ги вклопи во градбата, што влијаело на нејзиниот архитектонски облик.[19] Погребувањата продолжиле да се изведуваат и по подигањето на црквата на слободниот простор околу неа, со што е определена нејзината намена како гробна црква која се наоѓа *extra muros*.[20]

Оваа фаза на црквата е датирана кон средината на VI век, или како што истражувачот потенцира, во „раното Јустинијаново време“. Својата претпоставка ја изнесува врз основа на доградената ниша во северниот брод поврзувајќи ја со промената во литургиската практика.[21] Сепак, објектот на Црквиште-Демир Капија треба да се датира малку порано, односно во текот на V век. На ова упатува споменатата доцноантичка некропола којашто била во функција во последната третина на IV век и врз која е изградена црквата. Со оглед на тоа што при градењето на црквата не се оштетени претходните гробници, треба да се помисли дека во периодот на градењето некрополата била сè уште активна, а сеќавањето на покојниците сè уште свежо. Гробовите, веројатно, сè уште биле препознатливи на површината, па затоа

[15] Aleksova 1966, 23, 37, T.III.11; Алексова 1995, 220; Aleksova 1997, 247, fig. 98a.

[16] Keller 1971, 27–32, 41–52.

[17] Eger 2017, 291–308; Popović 2007, 101–109; Petković 2010, 113, 114, 117–120, 127, 128, cat. No. 13.

[18] Вучковић-Тодоровић 1961, 240–243; Соколовска 1975, 183–192; Соколовска 1978, 93–112; Винчиќ 1996: 56.

[19] Aleksova 1966, 22-23.

[20] Црквата на овој локалитет, според К. Снајвели, одговара на моделот 1, цеметеријални базилики кои се развиле врз доцноантички некрополи, а потоа продолжиле да егзистираат со намена на гробни цркви. Спореди: Snively 2003, 62-63.

[21] Aleksova 1966, 21.

тие и биле успешно вклопени во рамките на градбата. Скудните податоци за хронологијата на античкиот град кај Демир Капија упатуваат дека, кон крајот на V/преодот кон VI век, градот бил целосно напуштен, што дава право градењето на црквата да се помести во V век. Нејзиното пропаѓање уследило најдоцна до крајот на V век/преодот кон VI век, кога населението од античката населба мигрира кон височинските, подобро и полесно бранети, позиции како оние на Пештера, Пенов Камен и Илимов Рид.

*Вт̄ора фаза*

Втората фаза, според Б. Алексова, претставува еднокорабна лонгитудинална градба, која на исток има апсида, полукружна однадвор и однатре, додека на запад има нартекс.[22] Влезот во нартексот и преминот во наосот се централно поставени. Ѕидовите од оваа градба, за разлика од претходната, се грубо обработени користејќи калов малтер како врзивно средство. Вкупната должина на наосот и нартексот, во оваа фаза, изнесува 13 м, додека вкупната ширина е 5 м. Со оваа фаза се поврзуваат последните погребувања извршени во северниот и јужниот брод од постарата црква, како и во нартексот од оваа фаза.

Датацијата е рамковно изведена врз основа на најстарите средновековни погребувања на просторот, датирани од истражувачот, во периодот од IX до XI век. Иако документацијата од истражувањата е мошне скудна и не е целосно сочувана, сепак увидот во неа дава право да се отфрли предложеното датирање на средновековната фаза на црквата.

По рушењето на црквата од првата фаза, во рамките на архитектонските остатоци и на околното плато се развила пространа средновековна некропола (план II). Во северниот брод, според вертикалната стратиграфија, се раздвојуваат два средновековни хоризонта на погребувања, во опсег од X до XIV век, додека северно и западно од остатоците на црквата од првата фаза се откриваат погребувања во три хоризонти, со временски опсег од X до XVI век. Темелите од средновековната фаза на црквата се изградени преку гробовите од првиот (X – XI/XII век) и вториот (XII/XIII – XIV век) средновековен хоризонт на погребувања, што е јасно воочливо на дел од фотодо-

[22] Треба да се нотира дека, на постојната фотодокументација, во ѕидаријата на северниот ѕид може да се забележат разлики во градежниот слог, кои упатуваат дека овде постоеле премини. Со оглед дека објектот бил делумно конзервиран уште во текот на археолошките истражувања и целосно конзервиран по завршувањето, проучувањето на остатоците се контаминирани и не можат да послужат за извлекување на нови податоци, но тоа не нè спречува со резерва да покажеме сомневање во претставениот план на градбата од средновековната фаза и особено во нејзината датација.

кументацијата.[23] Темелот на јужниот ѕид од еднокорабната црква е директно изграден преку гробот 87 чија гробна содржина не може да се датира порано од XI век (Сл. 2, Т. I.2).[24] Од друга страна, пак, темелите од северниот ѕид се подигнати врз гробот 156 (Сл. 3) кој, заедно со гробовите 155 (Т.I.3a-h) и 140 (Т.I.4), припаѓаат на вториот хоризонт на средновековни погребувања. Под оваа група гробови се наоѓа гробот 153 (Т.I.5-9) кој, според гробните наоди, му припаѓа на најстариот хоризонт на средновековни погребувања, датиран во XI век. Гробот 153 содржи пар обетки со четири јагоди,[25] ѓердан од стаклена паста и два прстена со купеста глава.[26] Гробовите 140, 155 и 156, не содржат доволно хронолошки осетлив материјал, но, сепак, откриените бронзени копчиња можат да одредат *terminus post quem* во средината на XII век.[27] Помеѓу темелот на северниот ѕид од еднокорабната црква и наведените гробови од вториот хоризонт има слој со урнатини со дебелина од најмалку половина метар. Ова упатува дека еднокорабната црква била изградена не

[23] Фотодокументацијата се чува во документациското одделение на НУ Археолошки музеј на РС Македонија.

[24] Во гробот е откриена една тордирана белезица. Овој тип белезици се застапени на просторот на Македонија (Aleksova 1966, T.XVI, sl. 142; T.XVI, sl 140; Блажевска 1996, 204-205, Т.I.10, 206-207, Т.II.7–8; Манева 2000, 119-120, Т.XIV.3; Тодоровска Митрева 2020, кат. бр. 10, 11; Манева 2000а, 36-38, Т.XVI; Кепеска 2008, 45-46, сл. 57-58, Т.XI, Т.XXXI.1; Бабиќ 1980, Т.61.29, Т.62.4-5, 7-8; Лахтов 1957, Т.I, 4-7, Т.II.8, Т.III.33-34, Т.IV.39, Т.VI.63-64; Алексова 1964, Т.II.5; Манева 1992, 74-75, Т. 58-63), Грција (Antonaras 2012, 119, fig. 4; *Greek Jewellery* 1997, 210-211, 215, cat. No. 243, 244, 255; CORINTH XII, 263, cat. 2136-2137, Pl. 112), Бугарија (Borisov 1989, 285, fig. 337; Гатев 1977, 40, обр. 5.VII; Григоров 2007, 74. орб. 101), Србија (Јанковић 1975, TIV.1-2, T.V.1-2, T.VI.12, T.VII.1-4, T.XII,1, 5-8; Минић 1984, T.IV.I; Поповић, Иванишевић 1988, 163–164, сл. 34.12–15; Бајаловић-Бирташевић 1960, T.VI.1, 3-4; Марјановић-Вујовић 1984, T.II, T.III, T.IV, T.V, T.VI, T.VII, T.VIII, T.IX, T.X, T.XII, T.XIII, T.XIV, T.XV, T.XVI, T.XVI, T.XIX, T,XX, T.XXI, T.XXIII, T.XIV, XXV). Белезиците од овој тип опстојуваат подолг период, на поширокиот балкански ареал се датираат во XI и XII век, но во одредени случаи, нивната употреба продолжува сѐ до XIV век. Најрано датирани примероци од Македонија потекнуваат од гробот 181 од истиот локалитет, датирани на преодот од X во XI век. Сепак, овие примероци се издвојуваат од останатите по тоа што се дополнително обвиени со тенка филигранска жица.

[25] Примероците од гробот 153 најблиски аналогии наоѓаат во примероците од гробот 1 и 13 од блиската некропола на лок. Манастир – Демир Капија (Aleksova 1966, 53, T.XIII. 85, 86, 87, 93) како и во оставата од Велико Градиште кај Пожаревац (Минић, Томић 1972, 126-128). Во зависност од регионот каде што се откриени и од варијантата на изработка, датирани се во временски опсег од IX до XI век. Наодите од гробот 153 се датирани на почетокот на XI век. Повеќе за овој тип наоди, види кај: Манева 1992, 50; Петров 2022, 220-222, со тамуцитираната литература.

[26] Во гробот се откриени два прстена со купеста глава кои им припаѓаат на разни варијанти. Хронолошката рамка им е мошне широка, и се движи од крајот на X до XII век, но, сепак, најинтензивното нивно користење е кон крајот на X и во текот на XI век, кога се датираат и прстените од Македонија и ареалот на тврдината Просек. На истиот локалитет, во гробот 345, варијанта од овој прстен е откриена заедно со анонимен фолис класа А2, датиран во времето на Василиј II (Јовановиħ 1978, 81; Jovanović 1977, T.VI.5-5a), што оди во прилог на оваа датација. Повеќе за овој тип наоди, види кај Манева 1992, 86; Петров 2022, 225-226, со тамуцитираната литература.

[27] Овој тип наоди се едни од најчестите меѓу инвентарот на средновековните некрополи во Македонија и, пошироко, на Балканот, почнувајќи од XII век, па сѐ до XVII век. Повеќе за овој тип наоди, види кај Петров 2021, 284, со тамуцитираната литература.

порано од крајот на XII век, иако врската со погребувањата од третиот хоризонт упатува на датација кон крајот на XIV век.

*Доградба*

Посебен проблем претставува датирањето на доградбата, односно конхата поставена на источниот ѕид, северно од централната апсида. Во првичната публикација, Б. Алексова ја датира оваа доградба кон крајот на VI век, поврзувајќи ја со внесувањето на големиот вход во рамките на богослужбата и поместувањето на проскомидиите кон исток, лево и десно од апсидата на наосот.[28] Освен далечните паралели, останатите аргументи одат против вака раното датирање на оваа доградба.

При ископувањата *in situ* се откриени фрагменти од фрескоживопис во нартексот од втората фаза и во конхата од доградбата. Овие фрагменти на живопис денес не се сочувани, и за нив не постојат илустрации. Сепак, во Извештајот од 1952 година, останало нотирано дека живописот од нартексот, како и од доградбата, стилски соодветствуваат и се датирани кон почетокот на XV век.[29] Во прилог на наведеното, одат и доградбите кои попречно го делат северниот брод од ранохристијанската црква, а кои се изградени преку гробовите од првиот и вториот хоризонт на погребувања. Еден попречен ѕид е поставен преку гробот 140.[30] Ова упатува дека по обновата на црквата како еднокорабна градба, од северната страна е дограден компартимент (параклис) кој на источниот ѕид имал апсида, подигната од подот, во вид на ниша. Неусогласеноста на ѕидаријата на фасадата од северниот ѕид на еднокорабната црква упатува дека постоеле премини преку кои комуницирале наосот и претпоставениот компартимент. Дека овој компартимент временски соодветствува со последната фаза од црквата, укажуваат бројноста и густината на погребувањата од последниот, трет хоризонт, кои целосно отсуствуваат во внатрешноста на северниот компартимент, а се особено многубројни, од надворешната страна. Гробовите од овој трет хоризонт се датирани кон крајот на XIV до крајот на XV век. За прецизната датација особено се значајни гробот 247, во кој е откриена турска акча од Бајазит (1389 – 1390), и гробот 244 кој, покрај останатиот движен материјал, содржи турска акча на

---

[28] Aleksova 1966, 21-22.

[29] Во еден од записниците за извршеното ископување во 1952 година, раководителот на Секторот Црквиште, Димче Коцо забележал: „У нартексу нађени су фрагменти фресака који су, изгледа, рађени када и фреске у дозиданој апсиди. Фрагменти једне главе као и делови натписа говоре да су ове фреске односно, промене на првобитној цркви учињени најраније у првој половини XV в.", Записник 1952, 2.

[30] Постоењето на овој ѕид е опишано во Каталогот на гробови: „Grob većinom delom sa zapadne strane ispod zida crkve", на планот од црквата само крајниот јужен дел од овој ѕид е илустриран. Спореди: Aleksova 1966, 34, Pl. II, Pl. III.

султанот Мехмед (1481).[31] Во согласност со расположливите податоци не може јасно да се утврди дали северниот компартимент е истовремено граден со еднокорабната логитудинална градба или тој бил подигнат подоцна.

Од претходноизнесеното може да се заклучи дека во средниот век следувале делумни обнови на ранохристијанската црква кои сега биле сведени само на централниот простор на наосот. Обидот, остатоците на еднокорабната лонгитудинална градба, да се поврзат со периодот од IX до XI век, се малку веројатни и нивното градење треба да се бара кон крајот на XIV век. Иако не се документирани дополнителни фази, сепак, врз основа на гробните наоди од вториот хоризонт на средновековни погребување и нивниот распоред, може основано да се претпостави постоењето на уште една средновековна фаза (кон крајот на XII и почетокот на XIII до XIV век), сведена на централниот кораб од ранохристијанската црква, која би претходела на еднокорабната лонгитудинална градба од последната фаза.

### Манастир – Демир Капија

Локацијата Манастир се наоѓа на југозападната периферија на античката населба кај Демир Капија, на последното природно возвишение пред влезот на Вардар во Демиркаписката Клисура (Карта 1.В).[32] Голем дел од локалитетот е уништен со изградбата на пругата и на патот од десната страна по долината на реката. Истражувањата овде се извршени во текот на 1951 и 1952 година. Големиот пад на теренот, особено изразен кон запад, предизвикал плакнење на културните содржини што го отежнало дефинирањето на карактерот на објектот и неговото хронолошко детерминирање.[33] Според градежните материјали и поставеноста во просторот се издвојува еден објект, чија функцијата е дефинирана неколку децении по завршувањето на ископувањето.[34]

Станува збор за црква од базиликален тип, со апсида однадвор и однатре полукружна, поставена централно на источниот ѕид, на западната страна има нартекс придружен со компартименти од неговата северна и јужна страна. Објектот е слабо сочуван, откриени се единствено темелните зони од ѕидовите. Вкупната должина на црквата, вклучувајќи ја и апсидата, изнесува 17 м, додека ширината со компартиментите е 20 м. Состојбата во која е сочувана црквата не дозволува да се одредат влезот во нартексот и премините од

---

[31] Aleksova 1966, 39, 61, sl. 41, sl. 42.

[32] Археолошка карта II, 229.

[33] Петровић 1961, 217-221.

[34] Карактерот на објектот успеал да го дефинира В. Лилчиќ. Спореди: Лилчиќ 1989, 75-76; Лилчиќ 2002, 921.

нартексот во наосот и страничните кораби. Конфигурацијата на теренот која стрмно паѓа на западната страна, дава право да се претпостави дека влезот во нартексот бил поставен странично. Недостатокот на движен археолошки материјал од затворен контекст го условил рамковното датирање на градбата во V-VI век.[35] Подигањето на оваа црква треба да се смести во текот на VI век, по напуштањето на античката населба и мигрирањето на населението на повисоките природно бранети локации. Црквата на локацијата Манастир би требало да се стави во корелација со утврдувањето кое се наоѓа на повисоката тераса која доминира над оваа локација, односно на локалитетот Пештера. Истражувачите не даваат податоци за подоцнежни доградби и обнови, што, веројатно, е резултат на слабата сочуваност на објектот.

Според Б. Алексова, станува збор за гробна црква, изградена над доцноантичка некропола во *area martyrum apud sanctos*.[36] Сепак, ваквиот заклучок не соодветствува со расположливите информации од ископувањата кои, иако се нецелосни, сепак, не можат да ја поткрепат изнесената теорија. Според раководителот на истражувањата од истражените 33 погребувања[37] во 1952 година, само два од гробовите се антички, односно римски, додека останатите се средновековни.[38] Ова ја проблематизира теоријата дека црквата е изградена во рамки на постојна некропола, особено што локацијата на посочени антички/доцноримски погребувања не е точно определена. Се отвора прашањето за постоењето на средновековна фаза, на што укажуваат поголемиот број погребувања кои содржат средновековен материјал (T.II). Наоди кои потекнуваат од гробните целини, но и оние случајно откриените, меѓу кои спаѓа и една камена икона со претстава на Свети Јован Теолог,[39] се датираат во временската рамка од доцниот X до XIV век (T.II, T.III). Ова е времето за кое со сигурност може да се каже дека, на платото, околу и во рамките на архитектонските остатоци на базиликата, се вршеле погребувања. На просторот јужно од црквата е откриен поголем објект за којшто

[35] Алексова 1995, 221; Лилчиќ 1989, 75-76.

[36] Алексова 1995, 221.

[37] Истражените погребувања на Секторот Манастир не се публикувани, а документацијата денес е изгубена. Ова ја оневозможува реконструкцијата на гробните содржини.

[38] Вучковић Тодоровић 1961, 237, 243, таа известува дека еден од гробовите содржел монета на Константин I. Според описот, овој гроб се наоѓа северно од црквата, на падината кон Варниците. За дел од останатите погребувања: Петровић 1961, 220 и 221, повикувајќи се на усни информации, ги датира во X-XI век. Покрај овие гробови, и во претходната истражувачка сезона се откриени 9 погребувања кои, исто така, не се објавени, а за нив не постои комплетна документација.

[39] Поновите истражувања на Ј. Варалис ја датираат оваа икона кон крајот на XIII и почетокот на XIV век. Овој автор ја атрибуира оваа икона како дело на работилниците во Солун или, можеби, во Бер (Varalis 2012, 719-736).

истражувачот смета дека бил во функција на манастирски комплекс, датиран во XII-XIII век[40] (T.III.1). Сето ова е потврда дека просторот на кој се наоѓа базиликата на локацијата Манастир бил активно користен и во средниот век почнувајќи од X до XIV век. Според ова може со голема внимателност да се претпостави дека, по примерот на останатите ранохристијански цркви на просторот, и оваа доживеала обнова во периодот по крајот на XII век, веројатно, сведена на централниот кораб.

## МАРКОВ ГРАД – КОРЕШНИЦА

На левата страна на Вардар, влезот во клисурата го сочинува доминантниот масив Каменот или Јуручки Камен. На овој масив, кој по должина изнесува цца. 2 км, се среќаваат неколку археолошки локалитети со хронолошки опсег од класичниот период до доцниот среден век. По својата пространост се издвојува населбата на крајниот јужен дел, природно заштитена од карпите кои скоро вертикално паѓаат во реката Вардар и во длабокиот кањон на Челевечка Река (Карта 1.2). Поради непристапноста на теренот, обраснат со нискостеблеста шума, и непогодноста за археолошки истражувања, оваа населба досега била предмет само на теренски проспекции коишто, во голема мера, успеале да го прикажат хронолошкиот профил.[41] Сепак, досега, во литературата, просторот е прикажан како три засебни локалитети, а можноста за користење на современи методи и проспекции на теренот овозможи овие три локации, познати како Кула-Корешница, Марков Град-Корешница и Црквиште-Корешница, да се согледаат како една комплексна утврдена населба, поставена на природно бранета локација. Во рамките на бранетиот простор, може да се издвојат акрополен дел (лок. Кула), кој се наоѓа на највисокиот северен дел од утврдувањето, и сакрален простор со некропола (лок. Црквиште), кој се наоѓа на пониско зарамнето плато над реката кое било дополнително заградено со одбранбен ѕид (Карта 1.C). Поради ова, црквата откриена на локацијата Црквиште, овде е прикажана како дел од доцноримската населба за која, според локацијата на која се наоѓа, ќе биде користен називот Марков Град.[42]

Доцноримската населба Марков Град е изградена врз остатоците од населбата од класичниот и хеленистичкиот период, а истата стратиграфија може да се следи и на локацијата Црквиште, каде што под сакралниот објект

[40] Петровић 196, 220-221.

[41] Микулчиќ 1988/89, 70-71, 76, 84; Микулчиќ 1996, 234-236; Микулчиќ 1999, 179-180; Mikulčić 2002, 335; Чаусидис 1987, 171-196; Археолошка карта II, 226-229, 233.

[42] Микулчиќ 1988/89, 70-71, 76, 84.

е откриен слој од класичниот период.[43] Веројатно, просторот повторно краткотрајно бил населен во втората половина на III век, на почетокот само како прибежиште, рефугиум, а подоцна, и постојано населен. Ваквиот заклучок може да се изведе, главно, според дистибуцијата на монети на целиот простор на масивот Каменот, каде што се среќаваат ковења на Трајан Декиј (249 – 251), Галиен (253 – 268), Максимин II (310 – 313), Константин I (306 – 337), Грацијан (375 – 383), Теодосиј I (379 – 395), Хонориј (395 – 423), Аркадиј (383 – 408), Флакила (388), Теодосиј II (408 – 450) и Леон (457 – 474).[44]

Во средниот век, наодите на анонимни фолиси укажуваат дека овој простор бил повторно во функција во првата половина на XI век, но, веројатно, не за долго.[45] За постојано населување и употреба може да се зборува дури од крајот на XII или, поверојатно, во почетокот на XIII век, на што укажуваат многубројните наоди на пари, обновата на црквата и гробните содржини.[46]

## Црквиште

Локацијата Црквиште се наоѓа на зарамнето плато, во северозападното подножје на Марков Град (Карта 1.С). Просторот претставува природно заштитена тераса со димензии 120 x 50 м која за 50-60 м ја надвишува р. Вардар. Во литературата, првпат се споменува кон почетокот на 20 век, кога антропологот В. Радовановиќ, при својата посета, забележал дека ова место сѐ уште било посетувано од последните христијански жители на с. Корешница, кои местото го нарекувале Света Недела.[47] Локалитетот е истражуван во повеќе наврати по пат на теренски проспекции и сондажни ископувања.[48]

При археолошките истражувања е откриена црква со најмалку три градежни фази. Околу црквата се развила рамна некропола на редови (План IV). Целото плато, опфаќајќи ја црквата и некрополата, било оградено со ѕид, а до овој момент се сочувал само како негатив од темелот што бил поставен директно врз варовничката карпа.

[43] Петров 2017, 71-78, T.I.6-8.

[44] Микулчиќ 1988/89, 70; Mikulčić 2002, 335: При истражувањата, во 2016 година, откриени се монети на Теодосиј I, Аркадиј и Флакила, но овие монети не се публикувани, туку се чуваат во Музејската збирка на Домот на културата „Мирка Гинова“ во Демир Капија.

[45] Микулчиќ 1988/89, 84.

[46] Микулчиќ 1989, 78-86; Чаусидис 1987, 171-196; Петров 2017, 71-78; Михајловски и Петров 2017, 227-231; Лилчиќ 2008, 20-25; Пашић 1971, 157-158.

[47] Радовановић 1924, 322.

[48] Микулчиќ 1988/89, 70-71, 84; Чаусидис 1987, 171-196; Лилчиќ 1989, 73; Петров 2017, 71-78; Велјановска 2017, 127-131. Види и кај З. Георгиев, во овој број на списанието *Monumenta*.

Архитектонските остатоци од првата фаза ѝ припаѓаат на ранохристијанската црква од којашто е откриен само мал дел од апсидата и дел од јужниот периметрален ѕид. Апсидата е полукружна од внатрешната и надворешната страна. Според позицијата каде што е откриен јужниот периметрален ѕид, може да се претпостави дека градбата од оваа фаза имала трикорабна диспозиција. Била градена од локален варовнички камен, врзан со варов малтер. Во слојот со урнатини, како сполии во последната градежна фаза, но и како гробни маркери од подоцнежното користење на просторот, се откриени многубројни фрагменти од архитектонска камена пластика, меѓу кои: столбови, столпци, импост капители и јонски волутни капители (Сл. 5).

Црквата од оваа фаза, во најголемиот дел се наоѓа директно под остатоците од помладите фази, што недозволува нејзино поцелосно истражување и датација. Циркулацијата на пари откриени на ова плато, но и на масивот Јуручки Камен, се врзува за периодот од IV до средината на V век. Ова дава право да се претпостави дека црквата од првата фаза била подигната и напуштена во текот на V век. Резултатите од истражувањата на целиот простор на Јуручки Камен упатуваат дека овој масив бил напуштен за живеење кон средината или во втората половина на V век. На преодот од V во VI век, населението од Марков Град мигрира кон внатрешноста на клисурата.

Средната фаза (II фаза) претставува еднокорабна црква од која се откриени источниот ѕид и делови од северниот и јужниот. Централно, на источниот ѕид, се наоѓа олтарната апсида, која однатре е полукружна, додека однадвор е тристрана. Внатрешниот опсег на наосот е 4 м, додека сѐ уште не е истражен западниот дел и не е утврдена целосната должина. Ѕидовите се сочувани во висина до 2,2 м. Градена е од камен врзан со варов малтер. Градбата од оваа фаза има далеку помал габарит, со апсида повлечена кон запад, без таа да ја уништи постарата.

Околу црквата, паралелно со нејзиното егзистирање, се развила рамна некропола на редови. Погребувањата се следат источно и јужно од црквата. Дел од нив се вкопани преку ѕидовите на градбата од првата фаза, за што најдобар пример е гробот 13 (Сл. 6), вкопан преку остатоците од апсидата. Гробните наоди укажуваат дека некрополата, која е во директна корелација со црквата од втората градежна фаза, се развила кон крајот на XII или, поверојатно, кон почетокот на XIII век.[49] Воедначената циркулација на пари од типот на латински имитативни ковења, мал модул тип А, откриени како површински наоди, наоди од археолошките контексти и гробни наоди (Табла

[49] Антрополошка анализа е извршена на скелетните наоди од делот на некрополата истражен во 2016 година (гроб 12 – гроб 16) од каде што потекнува скелетен материјал од 21 индивидуа. Повеќе види кај: Вељановска 2017, 127-131.

III.5-9), упатува на тоа дека црквата и некрополата на овој простор биле во употреба во текот на XIII век.

Последната фаза (III фаза) претставува обнова на источниот ѕид од црквата од средната фаза. Подното ниво е од набиена земја. Олтарната апсида е централно поставена на источниот ѕид, подигната од подот за 0,9 м. Северно од неа, на источниот ѕид се наоѓа ниша, веројатно, со функција на пастофорија. Наодите од гробот 15 укажуваат дека просторот се користел за погребување до крајот на XIV/почетокот на XV век (Табла III.10), период кога во функција била последната фаза од црквата.[50]

Некрополата продолжува да се користи паралелно со употребата на црквата од последната фаза.

## КАЛЕ-СТРЕЗОВ ГРАД, ЧЕЛЕВЕЦ

Кале-Стрезов Град претставува утврдена населба, изградена на природно бранета позиција. Лоцирана е во внатрешноста на клисурата, на местото каде што, во Вардар, како лева притока, се влева Челевечка Река. Длабокиот кањон кој оваа мала река го пробила низ варовничките карпи, ја дели оваа населба од претходноопишаната. Локалитетот е природно заштитен од три страни, со кањоните на двете реки, а единствено кон него може да се пристапи од североисток[51] (Карта 1.3). На северното и најистакнатото плато, токму покрај пристапот, се наоѓа еднокорабна црква со дефинирани четири градежни фази (План V).

Првата фаза (фаза Ia) на овој објект датира од првата половина на VI век, црквата е со издолжен облик, еднокоробна, на исток има полукружна апсида од надворешната и внатрешната страна, додека на запад има нартекс. Покрај нартексот, од неговата северна страна, има анекс компартимент (просторија А). Наосот со нартексот имаат вкупна надворешна должина од 15,5 м и ширина од 6,5 м, додека заедно со придружните простории, ширина од 10 м. Ѕидана е од камен, врзан со варов малтер, и спорадично се користени фрагменти од покривна керамика. Сочувани се само темелните партии на објектот. Наместа наместо ѕидови ја користи природната карпа во која е делумно вкопана. Ограничениот простор влијаел во изборот на архитектонскиот облик кој бил приспособен според условите на теренот.[52]

---

[50] Petrov 2017, 71-78.

[51] Микулчиќ 1987, 186; Микулчиќ 1988/89, 73-76, 83; Чаусидис 1987, 171-196; Петров 2018, 135-141; Petrov 2018, 405-425; Петров 2021, 275-297; Petrov 2021, 23-38; Петров 2022, 203-234; Археолошка карта II, 226-229, 233.

[52] Петров 2018, 135-141.

Истовремено со изградбата на црквата, во нејзин состав е изградена и ѕидана гробница со полукружен цилиндричен свод (гробница А). Таа е ориентирана во правец запад – исток, со влез во вид на шахта на западната страна. Внатрешните ѕидови се премачкани со фин бел варов малтер што служел како подлога за нанесување на сликана декорација чии остатоци се сочувани на северниот, јужниот и источниот ѕид. Декорацијата на северниот ѕид е најдобро сочувана, каде што со интензивна црвена боја е насликан латински крст, украсен со капки или бисери на секоја од страните (Сл. 7). Крстот е фланкиран со вегетативни мотиви, поставени лево и десно, а изведени со темномаслиникава боја.[53] Ова претставува поедноставена варијанта на темата рај, во чиј центар е поставен победничкиот крст. Архитектонските одлики на гробницата и сликаната декорација најблиски паралели наоѓаат во некрополите на Солун, датирани во VI век.[54]

Многу брзо кон првата фаза следи доградба, означена како фаза I-b. Во продолжение на северниот анкес компартимент, кон запад е додадена просторија со неправилна правоаголна основа (просторија Б), која ја задржува ориентацијата на црквата. Прилепена на источниот ѕид се наоѓа ѕидана писцина со правоаголна форма во која е вметнат полукружен керамички сад, што, веројатно, ја одредува функцијата на просторијата Б како крстилница или катихуменион. Од другата страна на просторијата А, прилепена на северниот ѕид од наосот и директно над гробницата А се наоѓа припрата, чија основна намена, веројатно, била да ја спречи ерозијата, која овде е особено изразена, но не се исклучува ниту можноста ова да било *cella martyrum/ меморија*.

Слабата сочуваност на градбата од која се откриени само темелните партии, а на делови само нивните негативи, не дозволува поопсежна анализа на градежните фази. Сепак, остатоците од покривна керамика од т.н. Комниновски тип (Табла IV.10-11) укажуваат дека црквата била обновена во средниот век (фаза II), кон крајот на XII/почетокот на XIII век.[55] Според

[53] Petrov 2018, 407-412.

[54] На некрополата во Солун, идентичен тип гробници е застапен во девет примероци, класифициран во тип „Г" според МАРКН 2006, 113. Во однос на сликаната декорација, на истата некропола се присутни десет примери датирани во VI век. Спореди: МАРКН 2006, 197-200, cat. nos. 67, 68, 83, 103 и слични. И cat. No. 43. Од околината, слична декорација е изведена на една гробница од Гробната базилика во Стоби, но овде недостасуваат флоралните орнаменти. Спореди: Петров 1975, 153-175, Лилчиќ 1983, 100-101, сл. 3а-в.

[55] Овој термин го воведува И. Микулчиќ, врз основа на своите согледувања дека овој тип ќерамиди се појавува во периодот од XI до XIII век, пред сè, поради откриениот слој на овој тип ќерамиди во најстариот слој на покривот на црквата „Св. Пантелејмон" кај Горно Нерези. Откриените примероци од останатите локалитети ги датира во XII-XIII век (Микулчиќ 1980, 128-129, заб. 3, сл. 5; Микулчиќ 1982, 132, сл. 74). Изградбата на црквата „Св. Пантелејмон", според ктиторскиот натпис на надвратникот е датирана во 1164 година. Доколку покривната конструкција на која се повикува И. Микулчиќ е навистина

дистрибуцијата на овој тип покривна керамика, но и погребувањата извршени во рамките на објектот од претходните фази (фаза Ia и Ib), може со голема точност да се одреди архитектонскиот облик. Во оваа фаза, обновени се наосот и нартексот, со што се задржува формата на еднокорабна црква. Просториите А и Б, како и припратата, во оваа фаза се надвор од употреба и служат како место за погребување[56] (Сл. 8, План VI).

Последната фаза (фаза III) претставува гробна црква со мали димензии. Старата градба целосно е надвор од функција, а во наосот од претходните фази, без да ја уништува постарата, е вкопана црква со помали димензии (План V, План VI). Апсидата е изведена во вид на длабока ниша на источниот дел, додека на западниот има трем. Наосот и тремот со димензиите целосно се вклопуваат во наосот од претходните фази. Внатрешните димензии на наосот на црквата од оваа фаза изнесуваат 4,5 м должина и 3,0 м ширина, а вкупната надворешна должина, заедно со тремот и апсидата, 10,5 м. За разлика од претходните фази, градена е од камен варовник и фрагментирана градежна керамика врзана со кал. Во последната фаза, просториите и понатаму продолжуваат да се користат за погребување, додека некрополата се проширува и јужно од црквата.[57] Во овој период, Гробницата А е повторно повеќекратно употребувана, откако претходно била внимателно исчистена. На ова укажуваат вертикално поставената плоча на отворот и масивната плоча врз шахтата, кои требало да овозможат лесно отворање и затворање на гробница за нови погребувања.[58] Во прилог на ова одат откриените две индивидуални погребувања, како и собраниот остеолошки материјал на 10 индивидуи, поставен покрај северниот и јужниот ѕид од гробницата.[59] Според гробовите што се врзуваат со последната фаза од црквата, таа била обновена во XIV век и згаснала не подоцна од крајот на XIV/почетокот на XV век.

Платото околу црквата се користи за погребување, паралелно со втората и третата фаза на црквата, односно од крајот на XII, па сè до крајот на XIV/почетокот на XV век (Сл. 8, План VI, Табла IV.1-8).

---

од првичниот слој ќерамиди, а не од подоцнежна обнова. Овие ќерамиди би можеле, со сигурност, најрано да се датираат кон средината на XII век.

[56] Петров 2018, 135-141; Петров 2021, 275-297.

[57] Петров 2018, 135-141; Петров 2021, 275-297.

[58] Petrov 2018, 407-410.

[59] Антрополошката анализа на скелетниот материјал и издвојувањето на индивидуи го изврши д-р Фаница Вељановска, на која срдечно ѝ се заблагодарувам (Petrov 2018, 416-421).

## ЗАКЛУЧОК

На просторот на Демир Капија засега се истражувани четири сакрални објекти. Градењето на сите четири објекти се датира во ранохристијанскиот период, и тоа во V и првата половина на VI век. Сите згаснуваат најдоцна до последната четвртина на VI век и почетокот на VII век.

Црквите од ранохристијанскиот период од ареалот на Просек, може да се поделат на два основни типа: I – цркви од базиликален тип со централен наос и странични кораби, и II – еднокорабни лонгитудинални градби. Според големината, сите спаѓаат во мали цркви, со вкупна должина не поголема од 20 метри.

Во првиот тип ранохристијански цркви се вбројуваат откриените цркви на локалитетите: Црквиште-Демир Капија, Манастир-Демир Капија и Црквиште-Корешница. Овие градби се одликуваат со трикорабна диспозиција, двете цркви од Демир Капија се со нартекс на западната страна и по еден анекс на северната и јужната страна од нартексот.

Базиликалниот тип цркви е често практикувана форма во Македонија, но и пошироко во префектурата Илирик, низ целиот V и Vi век.[60] Слични примери, но со различни димензии, се откривани во Стоби, Скупи, Хераклеа Линкестис, Лихнид итн.[61] Тие се поврзуваат, главно, со низинските и рамничарските населби, како и со градовите, а многу поретко се откривани во висинските утврдени населби и тврдини. За разлика од претходноопишаните, откриената црква на Кале-Стрезов Град припаѓа на вториот тип, односно на еднокорабните цркви. Овој тип не е застапен, или е ретко застапен во низинските населби и во градовите, а типичен е за висинските утврдени населби, на кои им припаѓа и Кале-Стрезов Град. Откривани се во голем број тврдини низ целата префектура Илирик, но мошне често и во диецезата Тракија.[62] На територијата на Македонија, слични примери се откриени на Голем Град-Преспа и Мородвис.[63] Градбите од вториот тип се подоцнежни и датираат кон средината на VI век. На архитектонскиот план најчесто влијаел ограничениот простор каде што се градени, кој често не дозволува изградба на базиликален објект.

По рушењето и напуштањето на црквите кон крајот на VI век/почетокот на VII век, црковното градителство на просторот на Демир Капија целосно е замрено и нема да биде обновено во следните неколку века. Иако

[60] Hoddinott 1963, 193-200; Илић 2009, 111-125.

[61] Hoddinott 1963, 159-169; Снајвли 2013, 1329-1397. За слични основи, спореди во обемниот Каталог, составен во: Лилчиќ 2003, 180-232.

[62] Илић 2009, 120-124; Борисов 2006, 308-313.

[63] Битракова Грозданова 2011, 70-71; Трајковски 1989, 89-91; Нацев 2019.

се правени обиди втората фаза од Црквиште-Демир Капија да се поврзе со покрстувањето на Словените, на преминот на IX во X век, сепак, како што се покажа порано, оваа претпоставка нема основа. Некрополите на коишто се погребува населението, во периодот од X, па сè до крајот на XII век, најчесто се наоѓаат на нови локации, различни од оние каде што се погребувало античкото население. А онаму каде тоа се погребува во близина или во рамките на урнатините токму на ранохристијанските храмови, нема докази дека во овој период тие биле обновени.

Обновени се црквите на локациите Црквиште-Корешница, Црквиште-Демир Капија и Кале-Стрезов Град, Челевец, за Манастир-Демир Капија може само да се претпостави врз основа на движните археолошки наоди. Од оние за кои има информации може да се заклучи дека во средниот век е востановена практиката за подигање еднокорабни цркви, со апсида на источната страна и со нартекс на западната страна. Кај примерот на Кале-Стрезов Град се обновени наосот и нартексот, додека северниот анекс и крстилницата (баптистериумот) остануваат надвор од функција и служат за погребување. Кај Црквиште-Корешница и Црквиште-Демир Капија се обновени централниот кораб и нартексот. Кај првата локација, апсидата е намалена и повлечена кон запад, а наместо полукружната форма од надворешната страна, добива тристрана трапезоидна форма. Заради намалените димензии на црквата, сега, апсидата на источниот ѕид е изведена во вид на ниша, а северно од неа, исто така, во источниот ѕид е изведена помала ниша, најверојатно, со функција на протезис. Кај втората црква, обновата е направена врз централниот кораб, искористени се темелите од постарата фаза, а одредени манифестации укажуваат дека во последната фаза е обновен и дел од северниот кораб. Обновите се датираат во втората половина на XII век или во почетокот на XIII век. Во последната фаза на Кале-Стрезов Град – Челевец е изградена потполно нова црква, но со намалени димензии, вкопана во остатоците од пораните фази, со материјал и градежни техники што се разликуваат од претходните.

Околу сите четири цркви, во средновековниот период, се развиваат некрополи на редови. Кај црквите со базиликална диспозиција, во средновековниот период, страничните кораби служат за погребување, што може најдобро да се види кај Црквиште-Демир Капија, но, иако со помалку примери, и кај Манастир-Демир Капија и Црквиште-Корешница, а кај Кале-Стрезов Град, погребувањата се лоцирани околу црквата, но и во крстилницата и северниот анекс од ранохристијанската фаза.

*Ordanče Petrov*

# CONTRIBUTION TO THE CHRONOLOGY OF SACRED MONUMENTS IN THE DEMIR KAPIJA REGION


## Summary

In the area of Demir Kapija, four sacred structures have been investigated to date. The construction of all four structures is attributed to the Early Christian period, specifically within the 5th and the first half of the 6th century. All of them ceased to exist no later than the last quarter of the 6th century and the beginning of the 7th century.

The Early Christian churches in the Demir Kapija region can be categorized primarily into two types: I) Basilica-type churches basilica-type churches with a central nave and side aisles, and II) Longitudinal single-aisle buildings. In terms of dimensions, all belong to the category of small churches, with a total length not exceeding 20 meters.

The first type of Early Christian churches includes the discovered churches at the micro-locations of Crkvište-Demir Kapija, Manastir-Demir Kapija, and Crkvište-Korešnica. These buildings are characterized by a three-aisled layout, with the two churches in Demir Kapija having a narthex on the western side and an annex on the northern and southern sides of the narthex. In contrast, the identified church at Kale-Strezov Grad falls into the second category, i.e., single-aisle churches. Constructions of the second type are of a later origin, dating to the mid-6th century. Architecturally, the confined space in which they were erected often impacted their design, frequently preventing the erecting of a basilica-type layout.

Following the collapse and abandonment of the churches towards the end of the 6th century or the beginning of the 7th century, church construction in the Demir Kapija area ceased entirely and would not be renewed for several centuries. Although attempts were made to associate the second phase of Crkvište-Demir Kapija with the Slavic conversion during the transition from the 9th to the 10th century, such claims have been demonstrated to lack foundation. Burial sites from the 10th to the end of the 12th century are often situated in new areas, distinct from those where the Early Christian populace was buried. The burials linked to, or within, the ruins of Early Christian churches do not provide evidence for the renewal of these churches during this era.

The churches at Crkvište-Korešnica, Crkvište-Demir Kapija, and Kale-Strezov Grad have been subjected to later restoration efforts. As for Manastir-Demir Kapija, restoration can only be inferred based on small finds. It can be assumed that during the medieval period, the practice of constructing single-aisle churches with an apse on the eastern side and a narthex on the western side was revived. In the case of Kale-Strezov Grad, the nave and narthex have been restored, while the northern annex and baptistery remain out of function and are used for burials. In Crkvište-Korešnica and Crkvište-Demir Kapija, the central nave and narthex have undergone restoration. In the case of Crkvište-Korešnica the church had been reduced and the easter wall shifted to the west, assuming a three-sided trapezoidal shape instead of the semi-circular form on the exterior. Due to the reduced dimensions of the church, the apse on the eastern wall now presents as a niche, with a smaller niche likely serving as a prothesis to the north. Concerning the latter church, restoration efforts focused on the central nave, utilizing the foundations of the earlier phase. The renovations date back to the second half of the 12$^{th}$ century or the beginning of the 13$^{th}$ century. In the case of Crkvište, Demir Kapija, the renovation may have occurred at a later date, at the end of the 14$^{th}$/beginning of the 15$^{th}$ century. In the concluding phase of Kale-Strezov Grad - Čelevec, an entirely new church was erected, albeit with reduced dimensions, integrated within the remnants of preceding periods, using distinct materials and construction techniques.

Around all four churches, cemeteries developed in the medieval period. In churches with a basilica disposition, the side aisles were used for burials in the medieval period, as best observed in Crkvište-Demir Kapija. Though with fewer examples, the same burial practices are found at Manastir-Demir Kapija, Crkvište-Korešnica, and Kale-Strezov Grad, with burials located around the church and even in the baptistery and northern annex from the Early Christian phase.

**БИБЛИОГРАФИЈА**

**Алексова 1953.** Алексова Б., Археолошки испитувања во Демир Капија, *Весник на МКД* год. 1, бр. 1, Скопје 1953, 3 – 4.

**Алексова 1964.** Алексова Б., Археолошки истражувања во селото Оризари, Кочанско, *Зборник* 3, Штип 1964, 81 – 98.

**Алексова 1995.** Алексова Б., *Loca Sanctorum Macedoniae: Култ на мартирите во Македонија од IV до IX век*, Скопје 1995.

**Археолошка карта II.** *Археолошка карта на Република Македонија*, том II, Коцо Д., Грозданов Ц., Алексова Б., Битракова Грозданова В., Санев В. (ур.), Скопје 1996.

**Бајаловић-Бирташевић 1960.** Бајаловић-Бирташевић М., *Средњевековна некропола у Миријеву*, Београд 1960.

**Битракова Грозданова 2011.** Битракова Грозданова В., *Голем Град Преспа I*, Скопје 2011.

**Блажевска 1996.** Блажевска Л., Средновековна некропола 'Ограда' во с. Бистренци: истражувања 1994, *MacActaA* 14 (1996), 201 – 212.

**Блажевска 2013.** Блажевска С., Раната антика и хеленистичкиот период во Македонија", Кузман., Димитрова Е., Донев Ј. (ур.), *Македонија: Милениумски културно-историски факти том 2*, Скопје 2013, 637 – 730.

**Борисов 2006.** Борисов Б., Черквите от средновековните селишта до селата Караново и Дядово, Новозагорско, Во *Любен Прашков: реставратор и изкуствовед,* София 2006, 308 – 313.

**Вељановска 2017.** Вељановска Ф., Прелиминарни антрополошки резултати за скелетните наоди од Црквиште, с. Корешница – Демир Капија, *АрхеолИнф* 1 (2017), 127 – 131.

**Винчиќ 1981.** Винчиќ Ж., *Археолошки научно-истражувачки проект Тиквешко во антиката* (ИНДОК центар на Национален козерватиски центар на Македонија).

**Винчиќ 1996.** Винчиќ Ж., *1000 години антика во тиквешијата,* Неготино 1996.

**Вучковић-Тодоровић 1961.** Вучковић-Тодоровић Д, Античка Демир Капија, *Старинар* XII (1961) 229 – 269.

**Гатев 1977.** Гатев П., Накит от погребения од XI-XII в., *Археология* кн. 1, София 1977, 30 – 46.

**Григоров 2007.** Григоров В., *Метални накити от Средновековна България (VII-XI в.)*, София 2007.

**Записник 1952.** Записник састанка одржаног 4-IX-1952 године у Скопљу у просторијама Археолошког музеја (составувачи на записникот се раководителите на секторите: Д. Коцо и И. Дугмеџиќ, и директорите на Археолошкиот музеј во Скопје Д.В. Тодоровиќ и Народниот музеј во Љубљана Ј. Кастелиц).

**Илић 2010.** Илић О., Палеохришћански сакрални споменици у мањим насељима и утврђењима у околини Ниша, *Ниш и Византија* VIII (2010), 111 – 126.

**Јанковић 1975.** Јанковић М., Две средњовековне некрополе у источној Србији, *Старинар* XXIV-XXV (1973-1974), Београд 1975, 227 – 241, Т.I – XII.

**Јовановић 1978.** Јовановић В., Прилог проучавању средњевековног прстења у Ср Србији и СР Македонији*, Годишњак града Београда,* Београд 1978, 67 – 82.

**Кепеска 2008.** Кепеска Л., *Тричева црква: средновековна некропола,* Прилеп 2008.

**Кодер 2011.** Кодер Ј., *Византијски свет: Увод у историску географију источног Медитерана током византијске епохе,* превод Влада Станковић, Београд 2011, 77.

**Лахтов 1957.** Лахтов В., Раносредновековен накит во средновековната збирка на Народен музеј во Охрид, *Лихнид* I (1957), 59 – 114.

**Лилчиќ 1983.** Лилчиќ В., Рахохристијански засводени гробници во Македонија, *ŽivaAnt* 33/1 (1983), 85 – 108.

**Лилчиќ 1989.** Лилчиќ В., Траги на ранохристијански базилики во Средното Повардарие, *Лихнид* 7 (1989), 69 – 87.

**Лилчиќ 1994.** Лилчиќ В., Античка патна мрежа, Коцо Д., Грозданов Ц. (ур.), *Археолошка Карта на Република Македонија том. 1*, Скопје 1994, 112 – 117.

**Лилчиќ 2002.** Лилчиќ В., *Македонскиот камен за боговите, христијаните и за животот по животот: том* II, Скопје 2002.

**Лилчиќ 2003.** Лилчиќ В., *Ранохристијанска црква,* Скопје 2003.

**Манева 1992.** Манева Е., *Средновековен накит од Македонија,* Скопје 1992.

**Манева 2000.** Манева Е., *Крстеви : Средновековна Некропола*, Скопје 2000.

**Манева 2000а.** Манева Е., *Средновековна некропола Пепелиште : локалитет Трнче-Стреа*, Скопје 2000.

**Марјановић-Вујовић 1984.** Марјановић-Вујовић Г., 1984, *Трњане : српска некропола (крај XI – почетак XIII века)*, Београд 1984.

**Минић, Томић 1974.** Минић Д., Томић М., Остава средњовековног накита из Великог Градишта, *Старинар* XXIII (1972), 125 – 130, Т. I – II.

**Минић 1984.** Минић Д., Рибница – праисториско и античко налазиште, средњовековно насеље са некрополом, *Старинар* XXXIII-XXXIV (1982/1983), Београд 1984, 259 – 263, Т. I – IV.

**Микулчиќ 1982**. Микулчиќ И., *Старо Скопје со околните тврдини*, Скопје 1982.

**Микулчиќ 1987.** Микулчиќ Г., Археолошки наоѓалишта во СР Македонија потврдени со монети од 6 век, *MacActaA* 7/8 (1987), 177 – 194.

**Микулчиќ 1988/89.** Микулчиќ И., Топографија на Стенае – Просек – Демир Капија, *ГЗФФ* 15-16 /40-41 (1988/89), 65 – 87.

**Микулчиќ 1996.** Микулчиќ И., *Средновековни градови и тврдини во Македонија.* Скопје 1996.

**Микулчиќ 1999.** Микулчиќ И., *Антички градови во Македонија,* Скопје 1999.

**ΜΑΡΚΗ 2006.** ΜΑΡΚΗ Ε., *Η ΝΕΚΡΟΠΟΛΗ ΤΗΣ ΘΕΣΣΑΛΟΝΙΚΗΣ ΣΤΟΥΣ ΥΣΤΕΡΟΡΩΜΑΪΚΟΥΣ ΚΑΙ ΠΑΛΑΙΟΧΡΙΣΤΙΑΝΙΚΟΥΣ ΧΡΟΝΟΥΣ: (ΜΈΣΑ ΤΟΥ 3ΟΥ ΈΩΣ ΜΈΣΑ ΤΟΥ 8ΟΥ ΑΙ. Μ.Χ.)*, ΑΘΗΝΑ 2006.

**Нацев 2019.** Нацев Т., *Ранохристијанска архитектура во источните делови на Република Македонија*, Штип 2019.

**Папазоглу 1952.** Папазоглу Ф. Један грчки натпис из Македоније : Да ли је постојао град IOYMHENION?, *ŽivaAnt* II/ 2 (1952), 262 – 266.

**Папазоглу 1957.** Папазоглу Ф., *Македонски градови у римско доба,* Скопје 1957.

**Петров 1975.** Петров К., Ревидираната основа и архитектонските особености на градишната базилика во Стоби, *ГЗФФ* 1 (27), Скопје 1975, 153 – 175.

**Петров 2017.** Петров О., Претходен извештај од археолошките истражувања на локалитетот Црквиште, с. Корешница – Демир Капија : истражувања 2016, *АрхеолИнф* 1 (2017), 71 – 78.

**Петров 2021.** Петров О., Средновековна некропола на локалитетот Кале-Стрезов Град, кај селото Челевец – Демир Капија, 2021, *MacActaA* 24 (2021), 275 – 297, https://doi.org/10.55973/MAA2124275p.

**Петров 2022.** Петров О., Археолошки локалитети од 10 и 11 век од ареалот на тврдината Просек, во *Самуилова држава 1000 години потоа (1018-2018),* Прва национална конференција за византологија и медиевистика, *Охрид, 25 и 26 октомври 2018*, Скопје 2022, 203 – 234.

**Петровић 1961.** Петровић Н., Демир Капија: Архитектонски налази на сектору >>Манастир<<, *Старинар* XII (1961), 217 – 227.

**Петрушевски 1955.** Петрушевски М., Кон Ἰουμήνιον или Νουμήνιον, *ŽivaAnt* V/1 (1955), 140 – 143.

**Поповић, Иванишевић 1989.** Поповић М., Иванишевић В., Град Браничево у средњем веку, *Старинар* XXXIX (1988), 125 – 179.

**Радовановић 1924.** Радовановић В., Тиквеш и Рајец: Антропогеографска испитивања, во Цвијић Ј. (ур.) *Насеља и порекло становништва (књига 17),* Београд 1924, 129 – 365.

**Снајвли 2013.** Снајвли К., Ранохристијанскиот период во Р. Македонија – црквите*,* П. Кузман., Димитрова Е., Донев Ј. (ур.), *Македонија : Милениумски културно-историски факти том 2*, Скопје, 2013, 1329 – 1404.

**Соколовска 1975**. Соколовска В., Новија археолошка ископавања у Демир Капији, *Старинар* XXIV-XXV (1973-1974), Београд 1975, 183 – 192.

**Соколовска 1978.** Соколовска В., Археолошки истражувања во Демир Капија, *MacActaA* 4 (1978), 93 – 112.

**Станојевић 1923.** Станојевић А., Преисторијски и археолошки остаци на Средњем Вардару, *Старинар* III/I (1923), 293 – 300.

**Тодоровска Митрева 2020.** Тодоровска Митрева Ц., *Каталог на средновековен накит од музејската збирка во Демир Капија,* Демир Капија 2020.

**Томовски 1978.** Томовски Т., Средновековни градови во Македонија меѓу реките Вардар, Брегалница и Лакавица, *ГЗФФ* 4/30 (1978), 267 – 294.

**Трајковски 1989**. Трајковски К., Ранохристијанска гробница во Mородвис, *Лихнид* 7 (1989), 89 – 91.

**Цвијић 1906.** Цвијић Ј., *Основе за ѓеографије и ѓеолоѓију Македонија и Сшаре Србије*, Београд, 1906.

**Чаусидис 1987.** Чаусидис Н., Средновековни наоди од Просек, *ГЗФФ* 14/40 (1987), 171 – 196.

**Aleksova 1966.** Aleksova B., *Prosek – Demir Kapija: Slovenska nekropola i slovenske nekropole u Makedoniji,* Beograd – Skopje 1966.

**Aleksova 1997.** Aleksova B., *Loca Sanctorum Macedoniae: The Cult of Martyrs in Macedonia, from the 4th to the 9th Centuries,* Skopje 1997.

**Antonaras 2012.** Antonaras A., Middle and Late Byzantine Jewellery from Thessaloniki and its Region, *Byzantine Small Finds in Archaeological Context BYZAS* 15, Istanbul 2012, 117 – 126.

**Belke 2002.** Belke K., Roads and travel in Macedonia and Thrace in the middle and late Byzantine period, in Macrides R. (ed.) *Travel in the Byzantine World,* Aldershot 2002, 73.

**Borisov 1989.** Borisov B., *Djadovo vol. 1: Medieval Settlement and Necropolis (11th-12th Century)*, Tokyo 1989.

**CORINTH XII.** Davidson R.G., *The Minor Objects*, in *CORINTH* Vol. XII, Princeton 1952.

**Eger 2017.** Eger C., Between Amuletic Ornament and Sign of Authority: Christian Symbols on Mediterranean Dress Accessories of the Fourth to Sixth Centuries, Garipzanov I., Goodson C., Maguire H. (eds.), *Graphic Signs of Identity, Faith, and Power in Late Antiquity and the Early Middle Ages*, *Cursor Mundi 27*, Turnhout 2017, 281 – 324.

**Greek jewellery 1997.** *Greek jewellery : 6,000 years of tradition (catalog),* Thessaloniki 1997.

**Hahn 1867.** Hahn J.G. v., *Reise durch die Gebiete des Drin und Wardar,* Wien 1867.

**Hald 1917.** Hald K., *Auf den Trümern Stobis,* Stuttgart 1917.

**Hoddinott 1963.** Hoddinott R.F., *Early Byzantine Churches in Macedonia and Southern Serbia: A Study of the Origins and the Initial Development of East Christian Art*, London – New York 1963.

**Jovanović 1977.** Jovanovic V.S., Prilozi hronologiji srednjovekovnih nekropola Jugoslavije i Bugarske (I), *Balcanoslavica* 6 (1977), 141 – 187.

**Kastelic 1951.** Kastelic J., Porocilo o Demir Kapiji (Архив на Југославија фонд 203, фасцикла 88).

**Keller 1971.** Keller E., *Die Spätrömischen Grabfunde in Südbayern*, Münchner Beiträge Zur vor- und Frühgeschichte, München 1971.

**Kravari 1989.** Kravari V., *Villes et villages de Macédoine occidentale*, Paris 1989.

**Miller 1916.** Miller K., *Itineraria romana. Römische Reisewege an der Hand der Tabula Peutingeriana*, Stuttgart 1916.

**Mikulčić 2002.** Mikulčić I., *Spätantike und Frühbyzantische Befestigungen in Nordmakedonien: Städte – Vici – Refugien – Kastelle*, München 2002.

**Petković 2010.** Petković S., Crossbow Fibulae from Gamzigrad (Romuliana), *Starinar* LX (2010), 111 – 135.

**Petrov 2018.** Petrov O., A Newly Discovered Early Christian Barrel-Vaulted Tomb in Demir Kapija, *FAB* IV (2018), 405 – 425.

**Petrov 2021.** Petrov O., Prosakos Fortress and its Position in the Medieval Road Network: An Analysis, *Balcanoslavica* 50 (2021), 23 – 38.

**Popović 2007.** Popović I., Gilt Fibula with Christogram from Imprial Palace in Sirmiun, *Starinar* LVII (2007), 101 – 112.

**Snively 2003.** Snively C.S., Churches and Cemeteries: Religion and Death in Early Byzantine Macedonia, Алексова Б., Томовски К., Грозданов Ц. (ур.), *Старохристијанска археологија во Македонија: прилози од научен собир*, Скопје 2003.

**Vulić 1938.** Vulić N., *Archaeologische karte von Jugoslavien: Kavadarci*, Beograd 1938.




Карта 1. Рељефна карта на Демиркаписката клисура
Населби: 1. Антички град кај Демир Капија, 2 Доцноримска населба на Марков Град, Корешница;
3. Рановизантиска населба на Кале-Стрезов Град, Челевец;
Сакрални објекти: А. Црквиште, Демир Капија; B. Манастир, Демир Капија; C. Црквиште, Демир Капија; D. Кале-Стрезов Град, Челевец.
Антички некрополи: a. Римска некропола на ул. Партизанска; b. Болница; c. Бандерица;
d. Варници; e. Берберица.




План I. Ранохристијанска средновековна црква, Црквиште, Демир Капија, (според Aleksova 1966, Plan I)




План II. – Ранохристијанска и средновековна црква, Црквиште, Демир Капија со средновековната некропола (според В. Aleksova 1966, Plan III)




План III. Ранохристијанска црква, придружните објекти и дел од некрополата, Манастир, Демир Капија (според Петровић 1961, Сл. 1 и Лилчиќ 1989, T.VII, Sl. 26)




План IV. Ранохристијанска и средновековна црква со некропола, Црквиште, Корешница (од документацијата на ЈНУ Институт за старословенска култура – Прилеп)




План V. Ранохристијанска и средновековна црква на Кале-Стрезов Град, Челевец, со издвоени градежни фази (од документацијата на ЈНУ Институт за старословенска култура – Прилеп)




План VI. Ранохристијанска и средновековна црква со некрополата на Кале-Стрезов Град, Челевец (според О. Петров 2021, План 1)




Сл. 1. Црквиште, Демир Капија, гроб 193,
(од документацијата на НУ Археолошки музеј на РСМ)



Сл. 2. Црквиште, Демир Капија, Гроб 87 (II фаза)
(од документацијата на НУ Археолошки музеј на РСМ).




Сл. 3. Црквиште, Демир Капија, ниво на гробови (II фаза)
(од документацијата на НУ Археолошки музеј на РСМ).



Сл. 4. Црквиште, Демир Капија, средновековни гробови во двориштето, северно од ранохристијанската црква (од документацијата на НУ Археолошки музеј на РСМ).



Сл. 5. Црквиште, Корешница, мермерни сполии од ранохристијанската црква (I фаза) вградени во апсидата од доцно средновековната црква (III фаза) (од документацијата на ЈНУ Институт за старословенска култура – Прилеп).



Сл. 6. Црквиште, Корешница, гроб 13 вкопан преку апсидата ранохристијанската црква (I фаза) (од документацијата на ЈНУ Институт за старословенска култура – Прилеп)



Сл. 7. Кале-Стрезов Град, Челевец, сликана декорација на северниот ѕид во гробницата А (од документацијата на ЈНУ Институт за старословенска култура – Прилеп)




Сл. 8. Кале-Стрезов Град, Челевец, средновековни гробови вкопани во просторијата Б (крстилницата) на ранохристијанската црква (Ib фаза) (од документацијата на ЈНУ Институт за старословенска култура – Прилеп)




Табла I. Црквиште, Демир Капија, гробни наоди: 1. Гроб 193; 2. Гроб 87; 3. Гроб 155; 4. Гроб 140; 5. Гроб 153.




Табла II. Манастир, Демир Капија, гробни наоди: 1-10. Гроб 1; 11-15. Гроб 2; 16-17 случајни наоди.




Табла III. (1-3) Манастир Демир Капија, случајни наоди; (5-10) Црквиште, Корешница, гробни наоди: 5-9. Гроб 12; 10. Гроб 15




Табла IV. Кале-Стрезов Град, (1-9) гробни наоди: 1. Гроб 5; 2-5. Гроб 4; 6-9. Гроб 26; (10-11) покривна керамика од т.н. Комниновски тип.